РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 36-та седница одржана на 20.07.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под бр. 12-2933/1 од 06.11.2025 година, во врска со стечајна постапка заведена под ---- над стечајниот должник ДГТУ “----” ДОО ----, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што за пријавените наводи е надлежен да постапува друг орган.

Пријавата и прилозите доставени кон истата да се достават до Судски совет на Република Северна Македонија.

Предметот со бр. 12-2933/1 од 06.11.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 06.11.2025 година, поднесена е пријава во врска со стечајна постапка заведена под ---- над стечајниот должник ДГТУ “----” ДОО ----, и оформен е предмет бр. 12-2933/1 од 06.11.2025 година.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во пријавата подносителот наведува случаи на непочитување и неспроведување на Законот за стечај и други закони, од страна на субјекти од судската и извршната власт во Македонија во врска со превземањето на соодветни мерки во врска со горенаведената стечајна постапка, односно искажува незадоволство од постапувањата на стечајни судии.

Согласно член 40 став 1 алинеи 5 и 14 од Законот за судскиот совет, Судскиот совет на Република Северна Македонија е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите, како и е надлежен да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите.

По разгледувањето на предметните наводи и релевантните законски одредби, ДКСК констатира дека во случајот по пријавените наводи односно дејствија, друг орган е надлежен да постапува поради што предметната пријава заедно со прилозите ќе се достават до Судски совет на Република Северна Македонија.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш. Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk